РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен

Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен врз основа на член 1 од Законот за основање на Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен ("Службен Весник на Република Македонија" бр.51/2011), и одредбите од Законот за животната средина ("Службен Весник на Република Македонија" бр. 53/2005.........51/2011), постапувајќи по поединечните жалби на Општина Велес и Еколошкото друштво "Вила Зора" од Велес изјавени против Решението бр. 11-10231/2-2011 донесено од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање донесе:

## РЕШЕНИЕ

**По повод поединечните жалби** изјавени од страна на Општина Велес и Еколошкото друштво "Вила Зора" од Велес, а по службена должност Решението бр. 11-10231/2-2011 донесено од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање **СЕ ПОНИШТУВА и предметот се враќа на повторна постапка.**

## Образложение

Министерството за животна средина и просторно планирање со Решение бр. 11-10231/2-2011 ја утврдило потребата од оцена на влијанието на Проектот: "Топилница за олово и цинк Велес" во Општина Велес за потребите на инвеститорот "МЕТРУДХЕМ"ДООЕЛ од Скопје согласно Законот за животната средина и Уредбата за определување на проекти и за критериумите врз основа на кои се утврдува потребата од спроведување на постапката за оцена на влијанијата врз животната средина.

Незадоволни од вака донесеното Решение останале жалителите Општина Велес и Еколошкото друштво "Вила Зора" од Велес и согласно законските прописи поднесоа поединечни жалби.

Во жалбата поднесена на 03.02.2012 година од страна на Општина Велес е наведено дека на 27.01.2012 година Општина Велес од веб страницата на

Министертвото за животна средина и просторно планирање се запознава со донесеното решение бр. 11-10231/2-2011 со кое меѓудругото се задолжува инвеститорот "МЕТРУДХЕМ"ДООЕЛ од Скопје до Министерството да поднесе дополнително барање за определување на обемот на оцената на влијанието на проектот врз животната средина согласно Дополнителното Известување за намерата за изведување на Проектот бр. 11-10231/1 од 18.11.2011 година. Ниту Решението ниту пак Дополнителното Известување за намерата за изведување на Проектот бр. 11-10231/1 од 18.11.2011 година не биле доставени на разгледување и запознавање на жалителот Општина Велес, а самото дополнително Известување за намерата за изведување на Проектот не е воопшто објавено на веб страната на Министерството. Сето ова се потенцира со оглед на фактот што Општина Велес како заинтересирана страна која покажува интерес за јавност и достапност на информации и документи во постапката требало согласно законот да биде информирана за целокупната постапка по Проектот на "МЕТРУДХЕМ". Со оглед на тоа што не се запазени одредбите од член 80 став 4 и член 90 став 1 точка 1 од Законот за животната средина, жалителот предлага жалбата да се уважи и обжаленото решение да се поништи.

Во жалбата поднесена на 03.02.2012 година од страна на Еколошкото Друштво "Вила Зора" од Велес наведено е дека се направени пропусти во процедурата на донесување на обжаленото Решение, затоа што писмото на Намери не е објавено на веб страна на МЖСПП. Во образложението на МЖСПП стои дека инвеститорот има намера повторно да воспостави производство на олово и цинк користејќи ја Локацијата, дел од опремата и инфраструктурата на веќе постоечката Топилница во Велес, па според жалителот ова не би можело да се реализира со оглед на покренатата иницијатива на Општина Велес за измена на ГУП објавена во Службен Гласник на Велес бр. 2 од 2008 година. Од овие причини, со жалбата се предлага прифаќање на друга локација за Топилницата. Од друга страна, во решението било наведено дека Проектот е планиран да биде со капацитет на производство од 100.000 тони сурови метали годишно, а во процесите ќе бидат користени 180.000 тони основни суровини. Ова упатува на дополнително загадување на околината и местото на живеење на Велешани. Исто така, според Еколошкото Друштво "Вила Зора"-Велес во Решението не е споменат проблемот со одложување на јаловината од Топилницата и покрај препораката на Министерството во барањето за дополнување од 25.10.2011 година прашањето околу изградбата на нова депонија дополнително да се разработи. Во основа, во Велес нема локација за одложување на индустриски отпад.

Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен ги разгледа жалбите, обжаленото решение и списите по предметот и утврди дека решението е неправилно и тоа не само од причини наведени во поединечно изјавените жалби, и истото треба да се поништи и врати на повторно постапување и одлучување од страна на првостепениот орган поради следниве причини:

Според Законот за животната средина, основните начела на заштитата на животната средина се: начелото на висок степен на заштита, начело на интегрираност, начело на одржлив развој, начело на супсидијарност, начело на пропорционалност, начело на претпазливост, начело на превенција, начело на почисто производство, начело на меѓународна соработка, начело на учество на јавноста и пристап до информации, и начелото на подигање на јавната свест за значењето и заштитата на животната средина.

Согласно одредбите од член 80, член 81 и член 90 од Законот за животната средина секое правно и физичко лице кое има намера да спроведува проект за кој постои веројатност дека е опфатен со членовите 77 и 78 од овој закон (во натамошниот текст: инвеститор) е должно, до органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина, да поднесе известување за намерата за спроведување на проектот, како и негово мислење за потребата од оцена на влијанието на проектот врз животната средина. Инвеститорот е должен известувањето да го поднесе до органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина во писмена и во електронска форма. Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина, во рок од десет дена од денот на приемот на известувањето, го известува инвеститорот за потребата од дополнување на известувањето. Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина е должен, во рок од пет работни дена од денот на приемот на целосното известување, да го објави на начин определен во членот 90 став (1) точка 1 од овој закон. Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина е должен да го објави известувањето во најмалку еден дневен весник достапен на целата територија на Република Македонија и на Интернет страницата на органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина. Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина со решение го известува инвеститорот за потребата од оцена на влијанието на проектот врз животната средина. Врз основа на известувањето, инвеститорот поднесува барање за определување на обемот на оцената на влијанието на проектот врз животната средина. Решението се објавува во рок од пет работни дена од денот на донесувањето и во најмалку еден дневен весник достапен на целата територија на Република Македонија, на Интернет страницата, како и на огласната табла во органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина.

Според одредбите од член 209 од Законот за општа управна постапка (Службен весник на република Македонија“ бр. 38/2005.....51/2011) секое Решение мора како такво да се означи. По исклучок, со посебни прописи може да се предвиди дека на решението може да му се даде и друг назив. Решението се донесува писмено. По исклучок, во случаи предвидени со овој закон или со прописи донесени врз основа на закон, решението може да се донесе и усно. Писменото решение содржи: увод, диспозитив (изрека), образложение, упатство за правно средство, назив на органот, со број и датум, потпис на службеното лице и печат на органот. Во случаите предвидени со закон или со пропис донесен врз основа на закон,

решението не мора да содржи одделни делови. Ако решението се обработува механографски, наместо потпис и печат може да содржи факсимил. Кога решението ќе се објави усно, мора да се издаде и написмено, освен ако со закон поинаку е определено. Решението мора да и се достави на странката во оригинал или во заверен препис.

Од увидот во целокупната доставена документација се утврди дека "МЕТРУДХЕМ" Дооел Скопје на 26.08.2011 година до Министерството за животна средина и просторно планирање доставил Известување на намера за изведување на проект и барање за определување на обемот на оценката на влијанието на проектот "Топилница за олово и цинк –Велес" Општина Велес врз животната средина. На 25.10.2011 година, Министерството за животна средина и просторно планирање поднело барање за дополнување на Известувањето за изведување на проектот до "МЕТРУДХЕМ" дооел Скопје. "МЕТРУДХЕМ" ДООЕЛ Скопје постапувајќи по барањето, на 18.11.2011 година доставило до Министерството - Дополнето Известување за намерата за изведување на проект и барање за определување на обемот на оценката на влијанието на животната средина. Рокот од 10 дена за доставување на Дополнение на Известувањето не е испочитуван.

Министерството за животна средина и просторно планирање врз основа на Законот за животната средина донело Решение со кое се утврдува потреба од оцена на влијанието на Проектот: "Топилница за олово и цинк Велес" во Општина Велес за потребите на инвеститорот "МЕТРУДХЕМ"ДООЕЛ од Скопје. Во диспозитивот на Решението стои дека по добивањето на Решението "МЕТРУДХЕМ"ДООЕЛ од Скопје е должно до Министерството за животна средина и просторно планирање да донесе дополнето барање за определување на обемот на оцената на влијанието на проектот врз животната средина согласно дополнетото Известување за намерата за изведување на проектот со бр. 11-10231/1 од 18.11.2011 година. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во најмалку еден дневен весник достапен на целата територија на Република Македонија, како и интернет страницата и на огласната табла во Министерството за животна средина и просторни планирање. На самото Решение нема датум кога истото е донесено, а бројот на истото е испишано со рака.

Со увидот во Дописот од 24.01.2012 година, се утврди дека Министерството за животна средина и просторно планирање на "МЕТРУДХЕМ" Дооел Скопје му доставило Решение за утврдување на потребата од оцена на влијанието на доставениот Проект донесено со датум од 24.01.2012 година.

Конкретни писмени податоци дека Известувањето, Дополнувањето на известувањето и Решението за потребата од оценка се објавени на веб страната на Министерството за животна средина и просторно уредување, најмалку еден дневен весник кој излегува на територијата на Република Македонија и огласната табла на Министерството, во предметот не се видни.

Во текот на постапката, на ден 04.11.2011 година Општина Велес доставила барање до Министерството за животна средина и просторно уредување како заинтересиран орган да биде вклучена во сите фази од постапката, да биде консултирана и информирана за превземените активности и донесените одлуки.

Видно од барањето за номинирање на член и заменик член на работна група, Министерството за животна средина и просторно планирање за прв пат се обратила до Општина Велес по однос на постапката по поднесениот Проект "Топилница за олово и цинк Велес" на 24.01.1012 година. Со вакви барања, Министерството на 24.01.2012 година се обратило и до Министерството за здравство, Секторот за просторно планирање, Секторот за ИСКЗ, Секторот за природа, Техничко-Металуршки факултет во Скопје, и Секторот за животна средина. Од наведеното, очигледно е дека, при донесување на обжаленото решение не се почитувани основните начела на кои упатува Законот за животната средина.

Од увидот во доставеното Задолжение од 14.02.2012 година, се утврди дека Управата за животна средина, без притоа да го има во предвид фактот дека е поднесена жалба на Решението 11-10231/2-2011, ги задолжило одговорните службеници што ја водат постапката за оцена на влијание на проектот, да го определат обемот на оцената на влијанието на проектот и истото да се објави на веб страната на министерството, обемот да се достави до Општина Велес за постапување до 15.02.2012 година, да испратат дописи за информирање до членовите на Комисијата за постапување до 15.02.2012 година, како и да се направи план за проследување на процедурата и истиот да се достави до Министерот и Директорот на Управата за животна средина при МЖСПП и потоа да се стави на веб страната со рок на постапување до 16.02.2012 година.

На 15.02.2012 година доставено е барање за мислење и консултации по Проектот до Министерството за здравство, Технолошко–Металуршки Факултет од Скопје и Собранието на Република Македонија.

Од жалбените наводи и одговорите на жалбените наводи изготвени од Министерството за животна средина и просторно планирање, видно е дека Решението бр. 11-10231/2-11 е донесено на 24.01.2012 година и е објавено на 27.01.2012 година. При објавувањето на претходно добиеното дополнително Известување од "МЕТРУДХЕМ"ДООЕЛ Скопје направена е техничка грешка дека истото е од август месец 2011 година. Од друга страна, Министерството за животна средина и просторно планирање давајќи одговор на жалбените наводи го прифаќа фактот дека решението е објавено, но не се произнесува по тоа дали другите документи се објавени на веб страната и огласната табла на Министерството и во најмалку еден весник кој излегува на територијата на Република Македонија што е законска обврска.

На наводите истакнати во Записникот од одржаниот состанок на претставниците на Министерството за животна средина и просторно планирање со претставниците на Општина Велес, НВО и претставниците на Одборот за спас на Велес од 07.02.2012 година дека Решението кое е издадено на 24.01.2012 година е објавено во весникот "Дневник", оваа Комисија не можеше да даде верба со оглед на тоа што во предметот нема документација која би го докажала истото.

Според сето горе наведено, Комисијата утврди дека донесеното Решение. бр. 11-10231/2-11 е нејасно и конфузно, односно при донесување на истото

првостепениот орган целосно и правилно не ја запазил процедурата на постапување, па од тие причини Комисијата најде дека има потреба од повторно разгледување и одлучување по предметот, при што во повторна постапка, првостепениот орган треба да ги има во предвид забелешките изнесени во ова Решение, како по однос на одредбите на Законот за животната средина како lex specialis така и по однос на одредбите од Законот за општа управна постапка како lex generalis .

Согласно член 242 од Законот за општа управна постапка Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

Ова Решение е конечно во управна постапка и против него не е дозволена жалба.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова Решение може да се поведе Управен Спор пред Управниот Суд во рок од 30 дена на неговото доставување.

**Решено на ден 12 / 03 / 2012 година под бр. 0807-31, 0807-32**

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА ОДЛУЧУВАЊЕ ВО УПРАВНА ПОСТАПКА
И ПОСТАПКА ОД РАБОТЕН ОДНОС ВО ВТОР СТЕПЕН

ПРЕТСЕДАТЕЛ

ИРЕНА БРЗАНОВА